# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

| | | |
|---|---|---|
| Година 11 број 12 | Чешиново-Облешево 9.12.2015 година | Излегува по потреба |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За прогласување и објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за извршени работи за одржување на јавното осветлување на територија на општина Чешиново-Облешево за месец Октомври 2015 година**

1.Го прогласувам Заклучокот за усвојување на Информацијата за извршени работи за одржување на јавното осветлување на територија на општина Чешиново-Облешево за месец Октомври 2015 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево го донесе на седницата одржана на ден 26.11.2015 година.

2.Заклучокот да се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-2127/1 Општина Чешиново-Облешево
04.12.2015 год. Градоначалник
Облешево Костадин Личков

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/2002), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 26.11.2015 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Информацијата за извршени работи за одржување на јавното осветлување на територија на општина Чешиново-Облешево за месец Октомври 2015 година**

I

Се усвојува писмената Информација за извршени работи за одржување на јавното осветлување на територија на општина Чешиново-Облешево за месец Октомври 2015 година, изготвена од страна на ЈПКД „Облешево“.

II

Заклучокот влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-2113/1 Совет на
04.12.2015 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Тина Петрова

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За прогласување и објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за остварени бруто-приходи од работа на пазарот во Облешево за месец Октомври 2015 година**

1.Го прогласувам Заклучокот за усвојување на Информацијата за остварени бруто-приходи од работа на пазарот во Облешево за месец Октомври 2015 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево го донесе на седницата одржана на ден 26.11.2015 година.

2.Заклучокот да се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1780/1 Општина Чешиново-Облешево
04.12.2015 год. Градоначалник
Облешево Костадин Личков

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/2002), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 26.11.2015 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Информацијата за остварени бруто-приходи од работа на пазарот во Облешево за месец Октомври 2015 година**

I

Се усвојува писмената Информација за остварени бруто-приходи од работа на пазарот во Облешево за месец Октомври 2015 година, изготвена од страна на ЈПКД „Облешево".

II

Заклучокот влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-2126/1 Совет на
04.12.2015 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Тина Петрова

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за прогласување и објавување на Одлуката за утврдување на критериуми за распределба на средствата од**

**Блок дотацијата за основно образование за основните училишта во општина Чешиново-Облешево за 2016 година**

1.Ја прогласувам Одлуката за утврдување на критериуми за распределба на средствата од Блок дотацијата за основно образование за основните училишта во општина Чешиново-Облешево за 2016 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 26.1.2015 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-2128/1 Општина Чешиново-Облешево
04.12.2015 год. Градоначалник
Облешево Костадин Личков

---

Врз основа на член 22 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02 и член 21 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Сл.гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 26.11.2015 година ја усвои следната:

**О Д Л У К А**

**За утврдување на критериуми за распределба на средствата од Блок дотацијата за основно образование за основните училишта во општина Чешиново-Облешево за 2016 година**

Член 1

Блок дотацијата од Буџетот на Република Македонија наменета за финансирање на основното образование се дели помеѓу 2 (двете) основни училишта во општина Чешиново-Облешево.

Член 2

Критериуми за распределба на блок дотацијата помеѓу основните училишта се: основната сума на блок дотацијата наменета за општината, потребните средства за бруто плати, бројот на ученици во училиштето и бројот на паралелки во училиштето.

Член 3

Средствата кои се добиваат по основ на Блок дотации од Буџетот на Република Македонија за двете основни училишта во општина Чешиново-Облешево, се распоредуваат на два дела и тоа:

А) Дел за бруто плати;
Б) Дел за материјални трошоци.

Член 4

Делот за бруто плати на вработените во училиштата се утврдуваат врз основа на бруто платата и планираниот број на

вработени во училиштата во тековната година.

Член 5

Делот на средствата што се однесуваат за материјални трошоци се распоредуваат по следните критериуми:

- 80 % од вкупните средства се делат на еднакви делови помеѓу двете училишта, или 50:50%;

Останатите 20% се распределуваат според следната формула:

$$ОУ = 0{,}30 \times \frac{С}{УО} \times Уоу + 0{,}70 \times \frac{С}{ПО} \times Поу$$

ОУ – основно училиште

С – сума за распределба

УО – број на ученици во општината

Уоу – број на ученици во основното училиште

ПО – број на паралелки во општината

Поу – број на паралелки во основното училиште

Член 6

Непотрошените средства кои ќе останат како салдо за наредната година, ќе влезат во масата средства за наредната година и ќе се делат помеѓу основните училишта согласно овие критериуми.

Член 7

Одделението за финансии да изврши пресметка на износот на средства кои припаѓаат на соодветните училишта, согласно дефинираните критериуми, и да ги извести училиштата.

Член 8

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.08-2112/1 Совет на
04.12.2015 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Тина Петрова

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за прогласување и објавување на Одлуката за организација, делокруг и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на општина Чешиново-Облешево**

1.Ја прогласувам Одлуката за организација, делокруг и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на општина Чешиново-Облешево, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 26.11.2015 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-2129/1 Општина Чешиново-Облешево
04.12.2015 год. Градоначалник
Облешево Костадин Личков

---

Врз основа на член 17 став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ" бр. 27/14 и 199/14), член 57 став 4 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на R.M. бр.5/02), член 21 став 1 точка 26 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Сл.гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015, Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 26.11.2015 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за организацијата,делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на општината Чешиново-Облешево**

## I.Основни одредби

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува внатрешната организација,делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на општина Чешиново-Облешево (во натамошниот текст-општинска администрација), видовите на организациони облици, условите за нивно образување и раководење со нив.

Член 2

За извршување на работите од надлежност на општината,се организира општинска администрација.

Член 3

Внатрешната организација на општинската администрација се утврдува во зависност од надлежностите на општината утврдени со закон, групирање на работите и задачите според видот, обемот, сложеноста, нивната меѓусебна сродност и поврзаност, како и други услови потребни при утврдувањето на внатрешната организација.

Член 4

Општинската администрација:

-ги подготвува актите за Советот и Градоначалникот;

-ги подготвува седниците на Советот како и седниците на неговите постојани и повремени комисии;

-врши стручни работи за Советот и Градоначалникот;

-го води сметководството на општината;

-ја следи проблематиката во областите од надлежност на општината, врши анализа на состојбите и дава иницијативи и предлози за нивно решавање;

-доставува информации и податоци во врска со активностите на општината на барање на надлежните органи или врз основа на Закон;

-ракува со документите на општината, ги чува се до нивното уништување, односно предавање на Државниот архив на Република Македонија;

-врши и други работи што ќе ги довери Советот и Градоначалникот.

Член 5

Работата на општинската администрација е јавна.

**II.Видови на организациони единици на општинската администрација**

Член 6

Општинска администрација во општина Чешиново-Облешево се организира во одделенија.

Член 7

Одделенијата се образуваат заради обединување на повеќе меѓусебно поврзани подрачја од надлежност на општината, како и за извршување на: нормативно-правни работи, управување со човечки ресурси, стручно-аналитички, управни, управно-надзорни, информативно-документациони, стручно-оперативни, материјално-финансиски, инвестициони, информатичко технолошки, стручно-административни, како и други работи што се извршуваат во органите на општината.

Член 8

Општинската администрација ја сочинуваат:

-Одделение за правни , општи работи и јавни дејности ;

-Одделение за финансиски прашања;

-Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој;

-Одделение за инспекциски работи;

-Одделение за внатрешна ревизија.

-Одделение за управување со човечки ресурси;

**III.Делокруг и начин на извршување на задачите**

Член 9

Одделението за правни , општи работи и јавни дејности ги врши следните работи:

-изготвува одлуки, општи акти и поединечни акти од надлежност на Советот и Градоначалникот;

-дава мислење на актите од аспект на нивната законитост;

-ги следи прописите и нивните измени и дополнувања;

-врши стручни организациони работи за Советот и Градоначалникот;

-ракува со документите на општината, следење на состојбите во областа на културата, спортот, социјалната заштита, образованието и здравството;

-ги спроведува јавните набавки;

-врши и други работи што ќе му бидат доверени , во согласност со Закон и други прописи.

Член 10

Одделението за финансиски прашања ги врши следните работи:

-следење и примена на законските и подзаконските акти од областа на буџетското, сметководственото и материјално-финансиското работење;
-подготовки за стратешкиот план на Буџетот на субјектот и извршување на Буџетот;
- подготвува Буџет и Завршна сметка, како и други акти од областа на финансирањето и даноците, ги следи и применува прописите за финансиско работење, води евиденција за имотот на општината, поднесува извештаи за состојбите на сметките на општината, работи на материјално-финансиските работи;

-изготвува облог и решенија за данок на промет и данок на наследство и подарок и изготвува решенија за задолжување или ослободување по тој основ; се грижи за реализирање и извршување на даноците и таксите по изготвените решенија; изготвува извештаи за бројот на даночните обврзници и за нивната област;
-примена на законските регулативи од областа на финансиската контрола.

Член 11

Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој ги врши следните работи:

-уредување на просторот и уредување на градежното земјиште, урбанистичко (урбано и рурално) планирање, издавање на одобренија за градење на објекти од локално значење, уредува патишта и улици и го регулира режимот на локалниот сообраќај, врши работи за заштита и унапредување на животната средина;

-ги врши работите на организирање изградба, реконструкција и одржување на комуналната инфраструктура, јавното зеленило, плоштади и други јавни површини, се грижи за комуналната опрема и јавното осветлување на подрачјето на општината, го следи и поттикнува локалниот економски развој ;

-ги следи и применува прописите за заштита на животната средина;

-врши други работи што ќе му бидат доверени, во согласност со закон.

Член 12

Одделението за инспекциски работи ги врши следните работи, кои се однесуваат на:

-инспекциски надзор над примената на одредбите на законите и прописите кои се однесуваат на администрирањето на приходите, комуналната хигиена, заштита на животната средина, урбанизмот и просторно планирање, патниот сообраќај, патишта и образованието, надзор од областа на даноците, надзор над јавните претпријатија основани од општината.Врши и друг вид на надзор од надлежност на општината.

Член 13

Одделението за внатрешна ревизија ги врши следните работи:
-финансиска ревизија
-ревизија на усогласеност (регуларност)

-ревизија на системот на внатрешна контрола
- ревизија на успешноста на работењето односно извршувањето
-изработка на стратешки и годишни планови за внатрешна ревизија, како и извршување на поединечна внатрешна ревизија согласно усвоените ревизорски планови
-процена на соодветноста, економичноста, ефективноста и ефикасноста на системот на финансиското управување и контрола за утврдување, процена и управување со ризици од раководството
-грижа за усогласеноста со законите, подзаконските, интерните акти и договори
-веродостојноста и сеопфатноста на финансиските и оперативните информации
-давање препораки за подобрување на работењето и работните процедури
-грижа за регуларност, ефикасност и ефективност на извршување на буџетот и финансиските планови
-регуларноста и ефикасноста на внатрешната финансиска контрола на управување со финансиските средства
-усогласеност на сметководствените извештаи за извршување на буџетот и финансиските планови со сметководствени стандарди
-контрола на водењето на сметководството, преземањето на финансиските обврски и извршувањето на плаќањата и финансиските трансакции
-изготвување на ревизорските планови за стратешки период од 3 години, годишни планови и планови за поединечна ревизија
-примена на внатрешните процедури и усвоени стандарди за внатрешна ревизија
-вршење и други работи утврдени со закон и акт на општината.

Член 14

Одделението за управување со човечки ресурси ги врши следните работи:

-се грижи за усовршување на персоналниот состав на општината;
-ги подготвува решенијата на општинската администрација поврзани со распоредување, плати, годишни одмори и други отсуства, престанок на работниот однсск;
-го изработува Правилникот за систематизација на работните места;
-обука и стручно усовршување на општинската администрација
-води персонална евиденција
-доставува податоци за вработените до МИОА
-се грижи за правилно насочување и упатување на странките во општината

**IV.Раководење со организационите единици**

Член 15

Со работата на оделението раководи раководител на одделение.

Во случај на негово отсуство или спреченост, раководителот на одделението, го заменува административен службеник со највисоко звање во Одделението, кој го определува Градоначалникот.

Член 16

Со општинската администрација раководи Градоначалникот на општината.

Член 17

Систематизацијата на работните места во општинската администрација ќе ја пропише Градоначалникот на општината со Правилник за систематизација на работните места .

**V.Преодни и завршни одредби**

Член 18

Со денот на влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за организација, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на општина Чешиново-Облешево бр. 0701-1603/1 од 04.10.2010 год.

Член 19

Оваа Одлука влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево,а ќе се применува по претходно добиена писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Бр.08-1971/1 Совет на
26.11.2015 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Тина Петрова

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Прегледот на развојни потпрограми кои се составен дел на Буџетот за 2016 година**

1.Ја прогласувам Одлуката за усвојување на Прегледот на развојни потпрограми кои се составен дел на Буџетот за 2016 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 26.11.2015 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-2124/1 Општина Чешиново-Облешево
04.12.2015 год. Градоначалник
Облешево Костадин Личков

Врз основа член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002) член 21, став 1, точка 43 (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 26.11.2015 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За усвојување на Прегледот на развојни потпрограми кои се**

**составен дел на Буџетот за 2016 година**

Член 1

Се усвојува писмениот Преглед на развојни потпрограми кои се составен дел на Буџетот за 2016 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-2116/1 Совет на
04.12.2015 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Тина Петрова

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за одбележување на 21ви Септември (Мала Богородица) Празник на општина Чешиново-Облешево**

1.Ја прогласувам Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за одбележување на 21ви Септември (Мала Богородица) Празник на општина Чешиново-Облешево, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 26.11.2015 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-2125/1 Општина Чешиново-Облешево
04.12.2015 год. Градоначалник
Облешево Костадин Личков

---

Врз основа член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002) член 21, став 1, точка 43 (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 26.11.2015 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за одбележување на 21ви Септември (Мала Богородица) Празник на општина Чешиново-Облешево**

Член 1

Се усвојува писмениот Извештај за реализација на Програмата за одбележување на 21ви Септември (Мала Богородица) Празник на општина Чешиново-Облешево.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен

гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-2115/1 Совет на
04.12.2015 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Тина Петрова

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за прогласување и објавување на Одлуката за еднократна финансиска помош на Стојна Глигорова од с.Спанчево**

1.Ја прогласувам Одлуката за еднократна финансиска помош на Стојна Глигорова од с.Спанчево, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 26.11.2015 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-2121/1 Општина Чешиново-Облешево
04.12.2015 год. Градоначалник
Облешево Костадин Личков

---

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015), и врз основа на Програмата за социјална заштита за 2015 година (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.2/2015), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 26.11.2015 година донесе:

**О Д Л У К А**
**За еднократна финансиска помош на Стојна Глигорова од с.Спанчево**

Член 1

На Стојна Глигорова од с.Спанчево со ЕМБГ 2212979498025 со постојано место на живеење во с.Спанчево ул.Илинденска 6б, и се одобрува еднократна парична помош во висина од 3.000.00 денари (три илјади денари) како помош за социјално загрозено семејство.

Член 2

Средствата да се уплатат на сметка 200002804556918 Стопанска банка.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново- Облешево.

Бр.08-2117/1 Совет на
04.12.2015 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Тина Петрова

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М.

бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за прогласување и објавување на Одлуката за еднократна финансиска помош на Силвана Јованова од с.Бурилчево**

1.Ја прогласувам Одлуката за еднократна финансиска помош на Силвана Јованова од с.Бурилчево, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 26.11.2015 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-2122/1 Општина Чешиново-Облешево
04.12.2015 год. Градоначалник
Облешево Костадин Личков

---

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015), и врз основа на Програмата за социјална заштита за 2015 година (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.2/2015), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 26.11.2015 година донесе:

**О Д Л У К А**
**За еднократна финансиска помош на Силвана Јованова од с.Бурилчево**

Член 1

На Силвана Јованова од с.Бурилчево со ЕМБГ 0411972499005 со постојано место на живеење во с.Бурилчево ул.Гиго Крстев бб, и се одобрува еднократна парична помош во висина од 3.000.00 денари (три илјади денари) како помош за социјално загрозено семејство.

Член 2

Средствата да се уплатат на сметка 200002057687182 Стопанска банка.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново- Облешево.

Бр.08-2118/1 Совет на
04.12.2015 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Тина Петрова

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за прогласување и објавување на Одлуката за еднократна финансиска помош на Ратка Костадинова од с.Облешево**

1.Ја прогласувам Одлуката за еднократна финансиска помош на Ратка Костадинова од с.Облешево, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 26.11.2015 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-2120/1 Општина Чешиново-Облешево
04.12.2015 год. Градоначалник
Облешево Костадин Личков

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015), и врз основа на Програмата за социјална заштита за 2015 година (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.2/2015), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 26.11.2015 година донесе:

## О Д Л У К А
## За еднократна финансиска помош на Ратка Костадинова од с.Облешево

Член 1

На Ратка Костадинова од с.Облешево со ЕМБГ 1908953498001 со постојано место на живеење во с.Облешево ул.Григор Прличев 6б, и се одобрува еднократна парична помош во висина од 1.500.00 денари (илјада и петстотини денари) како помош за лекување

Член 2

Средствата да се уплатат на сметка на нејзиниот сопруг Никола Костадинов ЕМБГ 1501953493007, с/ка 300057058176467 Комерцијална банка.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново- Облешево.

Бр.08-2119/1 Совет на
04.12.2015 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Тина Петрова

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е
## за прогласување и објавување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Чешиново-Облешево за 2015 година

1.Ја прогласувам Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Чешиново-Облешево за 2015 година, што Советот на

општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 26.11.2015 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-2123/1 Општина Чешиново-Облешево
04.12.2015 год. Градоначалник
Облешево Костадин Личков

Врз основа на член 89 од Законот за градежно земјиште (,,Сл.весник на РМ,, бр.17/2011 од 53/2011, 144/2012, 25/2013, 137/2013 и 163/2013), Советот на Општина Чешиново-Облешево,на седницата одржана на ден 26.11.2015 година, донесе:

**ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО ЗА 2015 ГОДИНА**

**ВОВЕД:**

**Општ дел**

Со Законот за градежно земјиште (,,Сл.весник на РМ,, бр.17/2011, 53/2011, 144/2012, 25/2013, 137/2013 и 163/2013), градежното земјиште може да биде во сопственост на Република Македонија, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, домашни и странски правни и физички лица.

Сопственоста на градежното земјиште создава права и обврски. Сопстевноста на градежното земјиште вклучува и право на градење на земјиштето. Одлука за стекнување на сопственост на градежното земјиште за општините, општините во градот Скопје и градот Скопје донесува Советот.

Сопственоста на општините им ги овозможува следните права: на градење, користење, пренесување на правото на градење на други лица и отуѓување на градежното земјиште.

Со градежното земјиште сопственост на Република Македонија управува Владата на Република Македонија.

Градежното земјиште наменето за општа употреба можат да го користат сите правни и физички лица, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. Правото на користење Владата на Република Македонија може да го пренесе на општините.

Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се она што е со него трајно поврзано, а се наоѓа над или под површината.

Градежното земјиште е добро од општ интерес за Република Македонија, а уредувањето на градежното земјиште е од јавен интерес.

Градежното земјиште може да биде изградено и неизградено, уредено и неуредено. Изградено градежно земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот во граници на градежната парцела.

Уредено градежно земјиште е земјиште опремено со комунална инфраструктура, додека неуредено е земјиште на кое нема изграедно комунална инфраструктура.

Градежно земјиште е земјште кое е планирано со урбанистички план или урбанистичка планска документација.

Градежна парцела е дел од градежното земјиште, чии граници се утврдени со урбанистички план или урбанистичка планска документација и

може да се состои од една, од дел или од повеќе катастарски парцели.

Објект од траен карактер е објект изграден со документација (одобрение) и заведен во јавните книги за недвижности.

Објект од времен карактер е објект поставен со одобрение за поставување до реализација на урбанистички план или урбанистичка документација. Времените објекти не се дел од градежното земјиште и врз основа на нив не може да се стекне сопственост на градежното земјиште.

Инфраструктурен објект е подземна или надземна градба за инсталации од комуналната инфраструктура.

Прометот со градежното земјиште е слободен.

Градежното земјиште сопственост на Република Македонија може да се оттуѓи, даде на користење (концесија или јавно приватно партнерство), даде под долготраен и краткотраен закуп, разменува или да се востановат други стварни права.

**А) Просторен опфат и предмет на Програмата**

Предмет на Програмата е менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија што се наоѓа на територијата на Општина Чешиново-Облешево, дефинирана според територијалната организација на Република Македонија, за време на календарска 2014 година.

За да може да се врши отуѓување, давање под закуп, на градежното земјиште потребно е да се изработи мапа на државното градежно земјиште во општината со сите нумерички податоци за истото.

Важен фактор во оваа постапка е и категоријата урбанистички план, односно урбанистичките планови врз основа на кои може да се издаде одобрение за градење.

Во текот на годишната Програмата се предвидува предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија да бидат градежните парцели што се наоѓаат на териториите на следните населени места и локалитети:

**1.Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс на КП 123/1 и КП 124 кај м.в.Кривулица - Ѓерен, КО Облешево за стопански комплекс примарна и финална преработка на земјоделски производи**

-м.в.Кривулица - Ѓерен КО Облешево, КП бр.123/1 и КП бр.124

ЛУПД донесено со Решение број УП1 22-31 од 01.08.2013 година

**2.Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс м.в.Св. Атанас КО Спанчево**

-м.в.„СВ.АТАНАС“ КО Спанчево, ул.Индустриска, ул „2“ бб Спанчево

План 32/2012, Одлука бр. 0701-1613/1 од 11.09.2013 година

**Б) Основи за изработка на Програмата**

- **Законски основ**

Законски основ на Програмата за управување со градежното земјиште се: Закон за локалната самоуправа (,,Сл. весник на РМ,,бр. 5/2002) и Закон за градежно земјиште (,,Сл.весник на РМ бр.17/2011, 53/2011, 144/2012, 25/2013, 137/2013 и 163/2013)

- **Основни плански документи**

Други документи потребни за изработка на Програмата се следните стратешки, развојни и плански документи донесени на локално ниво:

- **Стратегија за локален економски развој** на Општина Чешиново-Облешево за плански период од 2010 до 2015год.
- **Локален еколошки акционен план** за Општина Чешиново-Облешево за плански период од 2011 до 2016год.
- **ЛУПД за стопански комплекс примарна и финална преработка на земјоделски производи Тех.бр.15/2012**
- **Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс м.в.Св. Атанас КО Спанчево**
- **Програма за изработка на урбанистички планови во 2015 година за општина Чешиново-Облешево**

**В) Лица вклучени во изработка на Програмата**

1.Вера Арсова-Самостоен референт за урбанизам
2.Драгица Горгиевска-Советник за нормативно правни работи
3.Јане Атанасов-Советник- Одговорен сметководител
4.Бранко Кузмановски-Виш соработник за утврдување на даноци
5.Ива Стефанова - Соработник

**<u>ГЛАВИ НА ПРОГРАМАТА:</u>**

**1. Цели на Програмата**

- **Општи цели на Програмата**

Обезбедување на услови за социо-економски развој на општината, преку правење просторни услови за развој.

- **Конкретни цели на Програмата по населени места, урбани блокови и локалитети**

Заинтерсираните граѓани за изградба на сопствени простори за обавување на дејност можат да ја реализираат својата потреба, а со тоа да придонесат за развој на населеното место/локалитет, користење на локалните ресурси, вработување на лица, обезбедување на подобри услови за живеење.

**2. Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата (групирани по населено место и по урбанистички план)**

- **Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање** во тоа населено место/локалитет, идентификувани со број на градежните парцели
- **Детален преглед на градежни парцели (по населено**

**место/локалитет и по урбанистички план)**

**А. Градежни парцели што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно надавање**

Табела со следните информации:

Следува табела на крајот од Програмата која се составен дел на оваа Програма.

**Маркетинг стратегија за промоција на градежното земјиште што е предмет на оваа Програма**

- **Лица задолжени за имплементација на маркетинг стратегијата**

Определувањето на маркетинг стратегијата започнува со дефинирање/претпоставување на заинтересираните страни за купување/изнајмување на одредени делови од градежното земјиште. Заинтересираните страни се всушност потенцијалните купувачи/изнајмувачи на земјиштето и идни инвеститори, односно претставуваат целна групата на активностите од маркетинг стратегијата.

Со оглед на различната намена и местоположба на градежното земјиште што ќе биде понудено, логично е целните групи за одделни локации да бидат различни. Следен чекор е идентификување на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали за комуницирање/промовирање на понудата до заинтересираните страни. Маркетинг пристапот, алатките и каналите за комуницирање/промовирање се лимитирани од повеќе аспекти, но главно од финансиската моќ на општината. Како и да е, маркетинг стратегијата мора да обезбеди испраќање на вистинска, навремена и прецизна информација на вистинска адреса.

**3. Динамика на реализација на Програмата**

- По потреба а во зависност од заинтересираноста на правните и физичките лица ќе се објавуваат и огласите за продажба на градежните парцели

**Пропишување на условите и постапка за јавно надавање**

Постапката за отуѓување се спроведува согласно Законот за градежно земјиште со електронско јавно наддавање на интернет страната www.gradezno-zemjiste.mk ,со претходно дадена објава од страна на Комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање во:

-два дневни весника кои се издаваат на македонски јазик а излегуваат најмалку три месеци пред денот на објавувањето на објавата и

-Службен весник на РМ

Висината на депозитот за учество во јавното наддавање изнесува 15% од вкупната почетна цена за јавно наддавање.

Јавното наддавање може да отпочне со најмалку еден учесник

а јавното наддавање ќе биде успешно доколку има најмалку едно постапно наддавање над почетната цена за отуѓување на градежното земјиште.

Наддавањето се врши ,,чекорно,, со зголемување на вредноста со секој ,,чекор,, не помалку од 10,00 денари.

Рокот за поднесување на пријавата за учество во јавното наддавање е најмалку 30 календарски дена сметајќи од денот на објавувањето на објавата до денот на поднесувањето на пријава за земјиштето.

Депозитот за учество на јавно наддавање се враќа на подносителот на пријавата за учество на јавното наддавање,во целост,во рок од 15 дена од денот на одржувањето на јавното наддавање.

Депозитот за учесто на јавно наддавање на најповолниот понудувач му се враќа намален за процент од 10% ,одреден за трошоци на постапклата,во рок од 15 дена од денот на уплатата на вкупната сума постигната на јавното наддавање за отуѓување на градежното земјиште,односно за едногодишна закупнина.

**Лица надлежни за реализацијата на Програмата**

Лицата кои ќе ги спроведуваат постапките за отуѓување или давање под закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија, кои задолжително треба да поседуваат овластување а тоа се следните лица:

1.Драгица Горгиевска
2.Јане Атанасов
3.Бранко Кузмановски

**4. Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на Програмата**

**Вкупно приходи по основ на реализација на Програмата се 8.711.471,00 денари.**

**6. Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата**

**РАСХОДИ:**

Финансиските средства потребни за реализација на програмате се состојат од збир на проценетите финансиски средства потребни за реализирање на следните активности:

- Трошоци по основ на администрирање на постапките за отуѓување на градежното земјиште 10% ..............871.147,00 денари
- трошоци по основ на експропријација...........10.000,00 денари
- трошоци за промовирање, односно рекламирање на градежните локации што ќе бидат предмет на отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште ......................35.000,00 денари

**Се вкупно: 916.147,00 денари**

**7.Преодни и завршни одредби**

- Програмата ја усвојува Советот на општина Чешиново-Облешево.

- Програмата може да се изменува и дополнува на начин и постапка иста по која и се донесува.
- За спроведувањето на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево.
- Програмата влегува во сила со денот на нејзиното донесување а истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-2111/1 Совет на
04.12.2015 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Тина Петрова

---

СОДРЖИНА Стр.

1.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за извршени работи за одржување на јавното осветлување на територија на општина Чешиново-Облешево за месец Октомври 2015 година.........1

2.ЗАКЛУЧОК за усвојување на Информацијата за извршени работи за одржување на јавното осветлување на територија на општина Чешиново-Облешево за месец Октомври 2015 година.........1

3.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за остварени бруто-приходи од работа на пазарот во Облешево за месец Октомври 2015 година...................2

4.ЗАКЛУЧОК за усвојување на Информацијата за остварени бруто-приходи од работа на пазарот во Облешево за месец Октомври 2015 година.......................................2

5.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за утврдување на критериуми за распределба на средствата од Блок дотацијата за основно образование за основните училишта во општина Чешиново-Облешево за 2016 година.......................................2

6.ОДЛУКА за утврдување на критериуми за распределба на средствата од Блок дотацијата за основно образование за основните училишта во општина Чешиново-Облешево за 2016 година..............3

7.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за организација, делокруг и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на општина Чешиново-Облешево.........4

8.ОДЛУКА за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на општината Чешиново-Облешево......5

9.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Прегледот на развојни потпрограми кои се составен дел на Буџетот за 2016 година.................9

10.ОДЛУКА за усвојување на Прегледот на развојни потпрограми кои се составен дел на Буџетот за 2016 година................................9

11.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за одбележување на 21ви Септември (Мала Богородица) Празник на општина Чешиново-Облешево......10

12.ОДЛУКА за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за одбележување на 21ви Септември (Мала Богородица) Празник на општина Чешиново-Облешево..................................10

13.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за еднократна финансиска помош на Стојна Глигорова од с.Спанчево................................11

14.ОДЛУКА за еднократна финансиска помош на Стојна Глигорова од с.Спанчево..............11

15.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за еднократна финансиска помош на Силвана Јованова од с.Бурилчево................................12

16.ОДЛУКА за еднократна финансиска помош на Силвана Јованова од с.Бурилчево.............12

17.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за еднократна финансиска помош на Ратка Костадинова од с.Облешево................................12

18.ОДЛУКА за еднократна финансиска помош на Ратка Костадинова од с.Облешево................................13

19.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Чешиново-Облешево за 2015 година............13

20.ПРОГРАМА за работа во областа на располагањето со градежно земјиште сопственост на Република Македонија на подраќјето на општина Чешиново-Облешево за 2015 година................................14